# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 септември 2003 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г.Никола Поповски, претседател на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Триесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Андреј Жерновски, Силвана Бонева, Ванчо Стаменков, Ѓорѓе Паљошковски, Никола Груевски, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Ќенан Хасипи, Зоран Крстевски, Трифун Костовски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам дисплејот со број на картички за прсутност.

На седницата присуствуваат 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

За денешната седница го предлагам следниот Дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судовите, со Предлог на закон;

2. Предлог за донесувње на закон за дополнување на Законот за извршната постапка, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Македонија и Владата на САД кој се однесува за предавањето на лица на Меѓународниот кривичен суд, со Предлог на закон.

Дали некој има предлог за изменување на предложениот дневен ред? (Не,а).

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 56 за, еден воздржан и двајца против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

62 пратеника биле присутни во моментот на гласање.

Констатирам дека дневниот ред е усвоен.

Минуваме на точката 1 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судовите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот, со Предлогот на законот извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно донесени.

Ве известувам дека согласно член 98 став 5 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор.

Има збор министерот за правда Исмаил Дарлишта.

ИСМАИЛ ДАРЛИШТА:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, како што сме информирани, односно како што знаете овој закон веќе по втор пат се наоѓа пред вас. Причините за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за судовите произлегуваат од потребите на усогласување на одредбите на законот, односно во однос на  соодветната и правичната застапеност на заедниците на Република Македонија согласно амандманот ВИ  на Уставот на Република Македонија, Имено, со амандманот ВИ  на Уставот на Република Македонија е определено дека ќе се обезбедува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, во органите на државната власт и другите јавни институции и на сите нивоа.

Во членот 1 зборовите “застапеност на националностите во Републиката” се заменуваат со зборовите “соодветна и правична застапеност на сите заедници во Република Македонија”.

Во членот 2 на предложениот закон се создава правен основ при вработувањата на лицата во судовите во однос на самостојни судски советници, стручни соработници, судски приправници и други работници во судската администрација да се обезбеди соодветна и правична застапеност на припадниците.

Со членот 3 од истиот закон, односно со членот 3 од истиот уставен постулат се вградува и за припадници на судската полиција кои не спаѓаат во кругот на државните службеници. Значи, овие одредби, односно овие измени исто така се вршат и поради обврската која произлегува од Рамковниот договор. И од тие причини барам да се поддржи овој закон од сите пратеници присутни во Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господинот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, видно од самиот Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за судовите, како и од воведното излагање на министерот за правда, јасно е дека оваа точка на дневен ред и овој закон претставува всушност имплементација на одредбите на Рамковниот договор, односно неговиот амандман ВИ. Со тоа сакам да кажам дека во овие денови кога дискутиравме околу тоа дали Рамковниот договор, односно одредбите на новиот Устав се имплементираат или не, ова е уште една силна потврда и силен доказ дека и те како оваа Влада и овој состав на Парламентот го имплементираат Рамковниот договор, а особено во оваа сфера, сферата на судството и со самиот закон за судовите што како што знаеме како трета власт претставува еден од сегментите, столбовите на правната држава. Мислам дека околу причините не би се задржувал повеќе и со воведните напомени самиот министер ги образложи.

Меѓутоа, она што е за мене многу битно се што одредбите, тоа се вкупно четири члена на овој закон се кратки, јасни, концизни и содржајни.

Во членот 1 при изборот на судиите и судиите поротници без да се нарушат критериумите пропишани со закон. Ова е особено важна околност. Значи, без да се нарушат оние стручни критериуми кои се пропишани веќе со закон ќе се обезбеди соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

Членот 2 се однесува за вработување на лица во судовитге и тоа пред се за судските приправници, понатаму за стручните соработници и други лица. Додека членот 3 се однесува на судската полиција. Со еден збор, значи станува збор за сите сегменти, или за сите вработени оние кои се застапени во судовите и правичната застапеност во нивното примање на работа.

Меѓутоа, она што е по мене многу побитно што измената на членот 40 кој и досега морам да кажам дека беше доста коректен. Значи во потполност амандманот ВИ на Уставот на Република Македонија се преточува во закон. И од сите овие причини напред наведен, пратеничката група на СДСМ во целост ќе го поддржи овој закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господинот Љупчо Мешков.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Почитуван господине претседателе, претставнци на владата, почитувани колеги, за да не бидам погрешно разбран веднаш на почетокот ќе кажам дека јас ќе гласам за овој закон заради тоа што велиме дека тоа е имплементација на Охридскиот договор за кое сите се прокламиравме дека ќе стоиме зад неговата содржина. Меѓутоа сакам да кажам неколку напомени.

Прво, кога учев на Правен факултет еден од професорите велеше: кога пишуваш закон размислувај како филозоф, но напиши го така да може да те разбере и најобичниот човек. Мислам дека ваквата одредба од законот во пракса ќе создаде одредени проблеми при изборот на судиите, посебно го потенцирам ова, затоа што сметам дека судството е една извонредно важна област во која што мора да се внимава многу при изборот на кадри, односно на судии во таа област. Имено, ако сакаме да ја исполниме целта која што ја предвидува и Рамковниот договор, тогаш во некои случаи веројатно ќе мора да се замижи врз критериумите. Ако пак стриктно се придржуваме на критериумите може да дојдеме во ситуација да не биде исполнета целта која е на овој закон, а тоа е соодветна застапеност на припадниците на заендиците.

Јас искрено да ви кажам чувствувам носталгија кон стариот текст кој што постоеше каде што во изборот на стручните кадри, односно на судиите се велеше дека тие можат да бидат избрани без оглед на полот, расата, националноста и тн. и мислам дека во тој текст се криеа, односно беа содржани европски стандарди, односно стандарди предвидени во европските конвенции, за разлика од сегашниот Закон кој се потпира на некои локални проблеми кои што ги имаме во однос на застапеноста на припадниците на другите заедници. Мислам дека на овој начин се крие опасноста во одредени ситуации и случаи можеме да дојдеме во состојба да избереме помалку квалитетен и стручно компетентен кадар за разлика од другиот.

Ова го зборувам без оглед дали при изборот се работи за Албанец, Турчин, или

Македонец. Замислете вие во една чувствителна област на пример, еве како што е хирургијата може да речеме дека имаме двајца хирурзи кои што оперираат да речеме отвараат глава и оперираат мозок, двајца македонци и сега велиме, мора да биде примен еден припадник на друга заедница. Иако во текстот на законот стои согласно да се исполнети стручните критериуми, меѓутоа мислам дека првенствено треба да биде во прв план стручноста и компетентноста, а не тоа некој дали е повисок од 185 см., или е понизок, дали е припадник на оваа или онаа заедница во Република Македонија. На тој начин се јакне довербата, бидејќи инаку можеме да претпоставиме дека еден Албанец нема доверба пред судскиот орган, ако суди Македонец, или обратно Македонец нема да има доверба ако му суди Албанец. Тие работи треба да бидат надминати, тие работи не се прават со закон, тие работи се прават премолчено со заедничка свест за еднаквост меѓу сите и ценејќи ја притоа компетентноста и стручноста на кадрите. На извесен начин предлагачот со една ваква одредба признава дека ние досега не сме ги почитувале тие критериуми и затоа сега мора да донесеме закон за тоа. А јас бев убеден дека секогаш сме биле еднакви пред законот во изборот на стручност и компетентност.

И уште еднаш потенцирам дека само стручноста и компетентноста води напред во Европа без оглед квалитетот и стручноста од каде доаѓа, дали доаѓа од припадник на една, или на друга општествена заедница. Затоа уште еднаш велам ќе го поддржам овој закон иако мислам дека стариот текст многу повеќе содржеше стандарди кои се содржани во европски конвенции и европски критериуми.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господинот Неждет Мустафа.

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Благодарам почитуван претседателе, колеги пратеници, сосема кратко сакам да ви обрнам малку внимание дека и мојата политичка партија, односно со мене ќе гласа за овој закон. Но, се со цел да ви обрнам едно мало внимание бидејќи при донесувањето на таквите и слични закони морам да потенцирам, уште еднаш потенцирам дека е крајно време ромите да се интегрираат во таквите и слични закони. Сакам да ви обрнам внимание дека сите треба подеднакво да се ангажираме ромите да ги оттргнеме од изолацијата во структурите, односно во интеграцијата на општеството во Република Македонија. Крајно иритирачка е состојбата досегашна

дека не се мрднува од степен во однос на интеграцијата во таквите органи што се однесува до ромската популација. Разочарувањето е кај ромската популација исто така се наоѓа во една доста, доста ситуација во која што не можат ромите едноставно не можат ромите да кажуваат дека се вклопени во системот на Република Македонија.

Затоа јас сакам на сите вас тука да ви обрнам внимание дека ромите нема да останат во Република Македонија како пасивни посматрачи на сето ова што се случува со Рамковниот договор, дека Рамковниот договор е дел од сето ова што треба да се вклопуваат и ромите во оваа наша заедница.

Уште еднаш потенцирам дека ќе го дадам мојот глас за овој предлог-закон, но се со цел на администрацијата да и поттикнуваме мотив да ги отворат своите врати за ромската заедница.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Ги молам сите пратеници веднаш да влезат во салата, ќе преминеме на гласање.

Заклучок: Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судовите.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеници. Сите гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Ги повикувам оние пратеници што се во салата да притиснат копче, за третото гласање ни треба двотретинско мнозинство, а го имаме во салата.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 80 пратеници. Сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Џевдет Насуфи и Замир Дика поднесоа амандман на членовите 2 и 3 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на членовите 2 и 3, поднесен од пратениците Џевдет Насуфи и Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ИСМАИЛ ДАРЛИШТА:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Почитувани колеги пратеници, господине претседателе, ние за жал не можеме да ја завршиме безбедносната тема во земјава и приоѓаме на нови грешки кои за жал се поврзани и со безбедносните прашања и со прашањето на еднаквоста. Измената на Законот што се предлага во суштина е само супституција на тоа што и постои во законските документи. Ова е и главната причина што ние предлагаме формулацијата во Предлог-законот да се измени со она што да не постои формулацијата за нарушувањето на критериумите предвидени со закон, затоа што фактички ова право кое се инсталира со овој закон за да се постигне објективно целта за поголемо присуство на албанците во судовите, да не зависи од апстрактни критериуми и недефинирани. Фактички текстот така како што е предложен повеќе личи на еден политички документ отколку на еден правен документ. Со ова се изразува една волја, се изразува една манифестација, на една политичка манифестација што сме за еднаквост, за присуство на сите во судовите. Но, не е предвидено прецизно право, било со рокови, било со бројки. Имаме околу 30 и неколку судови во Македонија, значи редовни судови, од нив само еден претседател на суд е Албанец, само еден обвинител е Албанец. Го прашувам и СДСДМ и ДУИ кои овие денови повторно ни прават пропаганда за еднаквост. Како ќе се постигне еднаквоста со оваа формулација, кој дава гаранции дека судовите, составот на судиите ќе се измени врз основа на овој предлог-закон. Јас мислам дека нема да се направи тоа. И убеден сум дека не. Кога на ова ќе му се додаде и на таа формулација компететни, професионални, тогаш дефинитивно со оваа формулација не се постигнува тоа. Затоа мислам посебно и министерот и ДУИ се изразија дека амандманот требаше да се усвои. За чест на она што претендираме сите да се постигне еднаквоста како услов за една стабилност, како услов за една хармонија,

како услов за една политичка хармонија во земјава, ние влегуваме во нови грешки. Формулацијата е толку општа што никого не го обврзува. Затоа ве молам пратениците да ја покажат својата висока политичка свест за да го усвојат овој амандман.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Иако со колегата Мешков мислам дека погодивме вов рска со коректноста на претходната одредба од член 40 од Законот за судовите, а се разликуваме по тоа што мислам дека токму одредбите од овие членови предвидени во Законот се многу по прецизни и се обидувам да ја разберам идејата на предлагачите во смисла на правична и соодветна застапеност, меѓутоа, не можам да разберам да не се запазуваат критериумите пропишани со закон.

Конкретно на што мислам? Мислам дека она што го кажа колетата Мешков е сосема во ред, сепак треба да постојат соодветникритериуми во смисла на стручност, на работно искуство, а не сакам да навлегувам понатаму во членот 2 и 3 дали лицето кое ќе биде примено на работа е психофизички здраво, дали е постар или помлад од она што е определено со Закон.

Лично сметам дека критериумите, без да се запазат критериумите со закон и втората одредба со што се имплементира Рамковниот договор за соодветна и правична застапеност не би имале никаква цел.

Од тие причини мислам дека текстот на законот е навистина коректен и уште еднаш повторувам мислам дека е погодена работата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Дика реплика на г-динот Томиќ.

Ве повикувам сите пратеници, се колнеме 4 дена во Рамковниот договор, па да ја завршиме работата денеска, да не наседнуваме на провокации за да се увериме дека не правиме како што треба, цел ден да губиме за еден закон од еден член.

Има збор г-динот Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Благодарам за вашето толкување на Рамковниот договор, г-дине претседател, жалам што имаме различно мислење и се обидуваме да ви ги аргументираме нашите ставови.

Професионализмот и компетентноста треба неопходно да се почитуваат од страна на сите. Тоа никој не може да го негира, меѓутоа, доколку се почитуваше професионализмот и компетентноста за македонските судии, тогаш зошто имаме ваква мизерна ситуација во судовите на Република Македонија . Каде лежи проблемот?

Имаме право да се двоумиме сега ког аимаме една ваква ситуација која е констатирана од многу институции дека воопшто не е добра ситуацијата со судовите, дали токму тој професионализам и компетентност, а тоа се должи на тоа што судиите се поставуваат по партиска припадност или други врски.

Еве еден пример кој ќе го разберат тие што не слушаат. На пример, за да се избере еден судија или претседател на суд постои услов од 5 години стаж. Иако е компетентен и стручен 10 години стаж има услов, имајте предвид дека ние со Рамковниот договор констатираме дека има дискриминација во судовите. како ние сега да ги направиме луѓето со 5 години стаж или 10 години стаж кога тие воопшто немале можност да се вработат. Идејата е тука, се разбира тие да бидат компетентни оценети од органите кои ги именуваат судиите. Меѓутоа, овие апстракни критериуми кои не функционираат значајно е да се отстранат.

Тука е нашата идеја да се толкува Рамковниот договор и овој закон да може да функционира чие носење ние го поддржуваме. Ова е идејата на амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Насуфи, реплика на Томиќ.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Ние не мислиме односно нашата цел не е да провоцираме г-дине претседателе, на ни еден начин не сме против Охридскиот договор да не се применува, туку тој не се применува туку така. Да направиме разлика, ние имаме концептуална разлика која се однесува на неколку прашања. Никој не гарантира дека со ова ќе се подобри и ова е доволно за структурата на судовите во иднина со оваа формулација која е предложена.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Понудените предлози во текстот на Предлог законот се однесуваат на усогласувањето со Рамковниот договор или едноставно со амандманот 6 од Уставот на Република Македонија . Амандман кој зборува за правична и адекватна застапеност на сите етнички заедници. Во оваа насоак предлагачот ги има предложено овие предлози во понуденито текст. Изгледа овие предлози се однесуваат не само на прашањето на приемто на судиите и судиите поротници, туку и професионалните соработници и друг технички персонал во судските органи.

Анализирајќи го понудениот текст да ви кажам право за мене е значаен еден аспект што сум го анализирал, а тоа е аспектот на измената на карактерот на нормата од одредени норми во императивна норма. Ова го велам едноставно заснивајки се на споредбата што ја направив со понуденито текст со претходниот или со Законот кој е во сила. Во Законот кој е во сила тогашниот предлагач има понудено една норма со која се залага или министерот вели дека ќе се настојува да се реализира вработување на националностите како што се именувани тогаш заедниците додека сега таа формулација е отстранета и да ви кажам право отстранета е со наше инсистирање и сега оваа валст, овие органи се обврзани, уште еднаш велам дека оваа норма е пренесена со императивен карактер за да обезбедиме правична и соодветна застапеност.

Предложениот амандман од пратениците Дика и Насуфи за мене лично имаат повеќе технички карактер и требало предлагачот да ги има предвид кога го понудил предложениот текст да може да се преформулира понудениот текст и покрај тоа за мене лично амандманот има повеќе техничко-правен карактер одошто суштински.

Дали ќе се прифати или не искрено да ви кажам не е многу значајно затоа што доколку се прифати овој амандман и доколку не се прифати законот е закон, условите се услови и тие услови треба да се исполнат. Но, бидејки е од технички карактер предлагачот требало да го има предвид и амандманот кој има таков карактер.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој повеќе не бара збор.

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 88 пратеници, а за амандманот гласале 17 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на законот.

Дали некој бара збор по текстот на законот? (Никој)

Го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека , согласно член 98 став 5 од Уставот на Република Македонија , овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Во салата има 92 пратеници.

Предлогот на законот го ставам на галсање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 91 пратеник, 85 гласале за и 6 воздржани од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменвуање и дополнување на Законот за судовите.

Преминуваме на Втората точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за извршната постапка, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени и поделени.

Ве потсетувам дека , согласно член 98 став 5 од Уставот на Република Македонија , овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија , овој закон се донесува и со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора д аима мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија .

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Дарлишта, министер за правда

ИСМАИЛ ДАРЛИШТА:

Причините за донесување на овој закон исто така произлегуваат од потребата на усогласување на Законот во однос на употребата на јазикот односно амандманот 5 од Уставот на Република Македонија .

Едновремено измените на Законот за извршна постапка се определени и од имплементацијата на Рамковниот договор и планот за негова имплементација донесена од страна на Владата на Република Македонија од февруари 2003 година.

Имено, со оваа измена се дополнува одредба на членот 13 од постојнито Закон и се создава правен основ во извршната постапка покрај македонскиот јазик да се користи и друг јазик кој го зборуваат граѓаните на Република Македонија .

Со членот 1 од овој Закон се определува дека во извршната постапка соодветно се применуваат одредбите од Законот за парнична постапка кој се однесуваат на употребата на јазикот во постапката.

Од тие причини исто така барам да се поддржи овој закон.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој не бара збор.

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следнито заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за извршната постапка.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 84 пратеници, 83 за и 1 воздржан.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 88 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворампретрес по текстот на Предлгоот на законот.

Амандмани не се поднесени.

Дали некој бара збор по текстот на законот? (Никој)

Го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека , согласно член 98 став 5 од Уставот на Република Македонија , овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија , овој закон се донесува и со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора д аима мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија .

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 89 пратеници, сите гласале за.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлгоот на закон со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот , молам да крене рака?

Дали има некој против? (нема)

Дали има воздржан? (Нема)

На седницата присуствуваат 27 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија .

Од нив за Предлогот на законот гласаа 27 пратеници, никој не гласаше против или воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за извршната постапка.

Господинот Замир Дика, процедурално.

ЗАМИР ДИКА:

Благодарам г-дине претседател, почитувани колеги,

Господине претседателе, би апелирал до вас уште еднаш гласањето на припадниците на другите заедници кога ќе се врши да не биде тоа со кревање на рака затоа што мислам дека повторно претставува еден вид на дискриминација, туку самиот електронски систем нека се направи за да може да се спроведе тоа. Предлагам да не креваме рака кој од оваа кој од таа заедница. Тоа нека произлезе од листингот и да се види кој гласал.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Можно е и така, меѓутоа тоа бара пауза од петнаесетина минути и пребројување,

Благодарам, ќе го разгледаме предлогот.

Третата точка - Предлог за донесување закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави кој се

однесува на предавањето на лица на Меѓународниот кривичен суд, со Предлог на закон.

Господа пратеници утрово сум известен од премиерот на Владата дека министерот за надворешни работи кој е претставник на Владата по овој Закон е на службен пат во Њујорк и ме замолија оваа точка да ја разгледаме откако министерката ќе се врати.

Значи првата прилика по нејзиното враќање од Њујорк.

Со тоа ја затворам расправата по оваа седница до враќањето на претставникот на Владата од пат.

Објавувам пауза од 5 минути, ќе продолжиме со 34-та седница со преостанатата точка која е на пола дебата.

Седницата прекина со работа во 11,00 часот.